# ПРОЕКТ „ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА"

**Општи податоци за проектот**

Проектот **„Поддршка за социјалните претпријатија"** се спроведуваше во рамките на ИПА Акциската програма 2017. Проектот започна во март 2020 година, а заврши во април 2023 година. Вредноста на проектот беше 1.347.500 евра.

**Цел на проектот**

Проектот **„Поддршка на социјалните претпријатија"** имаше за цел поддршка на долгорочни и одржливи можности за вработување и бизниси за ранливи и маргинализирани групи.

Поконкретно, целта беше да се воспостават структури за поддршка на социјалните претпријатија кои ќе обезбедат низа услуги, како што се трансфер на знаење и директна поддршка за градење капацитети, формално и неформално образование и обука, менторство за бизнис, организација на настани, споделување на канцелариски простор или опрема. Активностите беа во насока на изградба на капацитети на структурите за анализа и следење на пазарот на социјални претпријатија, идентификување на потребите, развивање и промовирање на нови услуги и прилагодување на политичката и правната рамка за создавање поволна средина за развој и поддршка на социјалните бизниси.

Активностите во проектот беа структурирани во четири компоненти:

Компонента 1 - Создавање поволна и кохерентна правна, регулаторна, финансиска поддршка и рамка за мониторинг за социјалните претпријатија,

Компонента 2 - Воспоставување, организација, управување и функционирање на структура за поддршка на социјални претпријатија со локални контакт точки,

Компонента 3 - Градење на капацитети,

Компонента 4 - Подигнување на свеста, комуникација и видливост.

| КОМПОНЕНТА | АКТИВНОСТ |
| --- | --- |
| **Компонента 1 - Создавање поволна и кохерентна правна, регулаторна, финансиска поддршка и рамка за мониторинг за социјалните претпријатија** | 1.Поддршка на надлежното министерство и другите релевантни чинители во развојот на сет на мерки и политика за промовирање и обезбедување поддршка на социјалните претпријатија, вклучувајќи и усогласување на релевантните закони, развој на подзаконски акти, стандарди, правилници, водичи и други документи, како и протокол и процедури за регулирање на основањето/регистрацијата/работењето и поддршката на социјалните претпријатија; |

| | |
|---|---|
| | 2. Развивање алатки за следење политиките за социјално претприемништво и обука на релевантниот кадар во надлежното министерство за примена на алатките;<br><br>3. Надградба на веќе воспоставените механизми за систематско собирање податоци за иницијативите за социјално претприемништво;<br><br>4. Поддршка на јавни и приватни институции во развојот и имплементацијата на соодветен финансиски инструмент(и) за финансирање на создавање, раст и опстанок на социјални претпријатија;<br><br>5. Поддршка за креирање и функционирање на онлајн база на податоци/регистар за социјални претпријатија во Северна Македонија. |
| **Компонента 2 - Воспоставување, организација, управување и функционирање на структура за поддршка на социјални претпријатија со локални контакт точки** | 1. Воспоставување структура за поддршка на активности како што се: пренос на знаење и директна поддршка за градење капацитети, формално и неформално образование и обука, бизнис менторство, организација на настани, обезбедување на заеднички услуги, споделување на канцелариски простор или опрема;<br><br>2. Избрани и воспоставени локални контакт точки за поддршка, со договорени задачи и одговорности во однос на регионот или секторот во кој работат, чија што работа ќе се следи и оценува;<br><br>3. Развивање систем за мониторинг и евалуација за мерење на влијанието и ефективноста на воспоставената структура за поддршка, предлози и спроведување на промени потребни за одржливост на структурата. |
| **Компонента 3 - Градење на капацитети** | 1. Организирање на активности за градење капацитети – обуки, практиканти, студиски посети, менторство, како и поддршка при воспоставувањето на правната рамка за социјалното претприемништво;<br><br>2. Услуги за поддршка и обуки за обезбедување финансии, развој на бизнис, (финансиски) менаџмент, одржливост, вмрежување и застапување, следење и евалуација, комуникација и видливост, обука за деловни советници кои работат со социјални претпријатија кои опслужуваат недоволно застапени групи, како и обуки врз основа на проценка на потребите или побарани од постоечки или потенцијални социјални претпријатија/претприемачи;<br><br>3. Развивање и унапредување на методологијата и обука на релевантниот кадар во надлежените институции за следење на исполнувањето на законските услови од страна на формираните социјални претпријатија согласно прописите за социјално претприемништво;<br><br>4. Развивање и спроведување на план за обука за надлежното министерство, другите релевантни институции и локалните |

| | |
|---|---|
| | власти во однос на нивната улога во спроведувањето на регулативата и политиките за социјално претприемништво.<br><br>5. Имплементација на обуки за вработените во локалната самоуправа, оператори од јавниот сектор и локалните граѓански организации за одредбите и примена на Законот за социјална заштита и Законот за јавни набавки, вклучувајќи најдобри практики од земјите-членки на ЕУ.<br><br>6. Размена на искуства со други структури за поддршка преку веб-порталот, работилници, студиски посети или други можности за средби. |
| **Компонента 4 - Подигнување на свеста, комуникација и видливост** | 1. Развој на бренд за социјалните претпријатија во форма на лого, кое ќе се користи за сите нивни услуги и производи, со цел општата јавност полесно да ги препознае и поддржи активностите на социјалните претпријатија;<br><br>2. Развивање на комуникациска стратегија со цел промовирање на видливоста и одговорноста на социјалните претпријатија и секторот на социјалната економија како целина;<br><br>3. Дизајнирани/поддржани кампањи /настани/социјални медиуми/публикации/видеа за застапување;<br><br>4. Организирање на информативни сесии и активности за медиумите, приватниот сектор, младите како потенцијални претприемачи, политичките актери, како и националните и локалните носители на одлуки;<br><br>5. Поддршка на социјалните претпријатија/претприемачите во развивањето на сопствени информации и материјали за односи со јавност, како и маркетинг;<br><br>6. Креирање веб-портал за размена на информации и искуства, промовирање на партнерства и приклучување кон регионални и ЕУ мрежи, достапност на материјали и резултати, како и предлог за одржување и хостирање на веб-порталот;<br><br>7. Подготовка на лесно читлив и разбирлив квартален билтен за промовирање на позитивните искуства и информирање за новости, настани, можности за финансирање на социјални претпријатија/претприемачи. |

**Постигнати резултати:**

- Проектот обезбеди експертска поддршка при подготовка на **предлог на Законот за социјални претпријатија** со кој се уредуваат дефиницијата и критериумите за социјалните петпијатија, постапките за стекнување статус, поддршката на социјалните претпријатија, како и системот за следење на нивното работење;
- Се воспостави **Центар за поддршка на социјалните претпријатија** што обезбедува услуги за поддршка и програми за обука усогласени со потребите на социјалните претпријатија, како и зголемени организациски, менаџерски и технички капацитети за попрофесионални и одржливи социјални претпријатија;

- Капацитетите на вработените во локалната самоуправа, јавните оператори и локалните граѓански организации беа зајакнети особено во однос на примената на Законот за социјална заштита и резервираните одредби на Законот за јавни набавки, со цел поактивно вклучување на социјалните претпријатија во доменот на пружање услуги;
- Проектот значајно придонесе кон зголемена видливост на социјалните претпријатија и подигање на свеста во врска со потребата од нивното постоење;

**Веб-страни за повеќе информации:**

https://centarsp.mk/

https://www.facebook.com/PoddrskaNaSocijalnitePretprijatija